

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН







ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

18 - 24 октомври 2021 Билтен бр. 447

# ЗАСАДЕНИ СЕ НОВИ ВИСОКОИЗРАСНАТИ ДРВЈА ВО КАРПОШ



Општина Карпош продолжи со есенската акција за зголемување на зеленилото, на територија на неколку населби: Влае 2 (на плоштадот „Делфина“), Тафталиџе 1, Карпош 2, Карпош 1, Козле („Јуриј Гагарин“ меѓу зградите бр. 33 и 35), Карпош 3 (во рамки на спортско – рекреативниот центар во ООУ „Лазо Трповски“).

Засадени се вкупно 34 високоизраснати листопадни и зимзелени дрвја: јавори, јасени, липи и туи.

Локалната самоуправа континуирано вложува разеленување на Карпош. Во изминатиот период беше засадено ново зеленило и тревна површина и во Тафталиџе (во должина на бул. „Партизански одреди“, во Карпош 4 (меѓу „Желево“ и „Соле Стојчев“), како и во УЗ „Владо Тасевски“ (спроти хотел Карпош).

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРАК ОД УЛ. „ДРАГИША МИШОВИЌ“ ВО КАРПОШ 3

**Општина Карпош заврши со реконструкција на кракот на улицата „Драгиша Мишовиќ“, во населбата Карпош 3 (пред градинката „Орце Николов“).**
**Станува збор за обнова на коловоз од 80 метри и широчина од 7 метри, а реконструирани се и пешачките делови. Вкупната асфалтирана површина изнесува 1.600 м2.**
**Оваа сообраќајница ги поврзува улиците „Карпошово востание“ и „Никола Русински“, а по сугестии на граѓаните, поставени се и слеани рабници со цел да се подобри пристапноста за велосипедистите, родителите/старателите кои ги носат децата во градинка, како и да се олесни движењето на граѓаните со попреченост.**
**Општина Карпош продолжува со тековното одржување на инфраструктурата.**



